РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
СКОПЈЕ 1

| Примено: 02.10.2008 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 07 | 6516 | | |

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл. весник на РМ" бр. 58/00 и 44/02) и член 30 од Законот за основно образование („Сл. Весник на РМ" бр. 103/08), министерот за образование и наука донесе наставна програма по предметот македонски јазик за I одделение на деветгодишното основно образование за учениците со оштетен вид.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК

НАСТАВНА ПРОГРАМА
ЗА УЧЕНИЦИТЕ СО
ОШТЕТЕН ВИД

ДЕВЕТГОДИШНО
ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

## I ОДДЕЛЕНИЕ

Скопје, мај 2008

## 1. ВОВЕД

Наставата по предметот *македонски јазик* ја дава основата на писменоста на мајчин јазик (за македонските родени говорители и за говорителите на други јазици како јазик на општествената средина). Овој наставен предмет ја дава и базата за стекнување знаења и од други наставни предмети, како и за запознавање на животот, воопшто. Практиката на воспитно-образовната работа по овој предмет оперира со интегрално поврзаните поими: мислење - јазик - говор, како симултани и паралелни појави кои се во постојана интеракција, па оттука следува дека определен квалитет на мисловниот развиток претставува претпоставка и за определен степен на јазичен дострел и обратно зашто нема јасен говор без јасна мисла и нема знаење без јазик.

Учениците преку оваа настава ќе се запознаат со функционирањето на системот на македонскиот стандарден јазик и на сите нивоа ќе ја усвојуваат и ќе ја применуваат стандарднојазичната норма (фонетско-фонолошка, морфолошка, синтаксичка, лексичка, правописна и ортоепска). Исто така, ќе се запознаат со функционалните стилови на македонскиот стандарден јазик (научниот, уметничко-литературниот, публицистичкиот, административниот и разговорниот јазик) кои ќе станат својствени на речта на ученикот.

Наставата по предметот македонски јазик им помага на учениците со оштетен вид во процесот на компензација на недостатокот на видниот анализатор и спречувањето или ублажувањето на говорниот формализам вообичаен кај нив.

Јазикот е белег на националниот идентитет на ученикот и е основно средство за вербална комуникација. Познавањата на стандарднојазичната норма на македонскиот јазик освен компетентноста - стекната култура на изразувањето, ќе овозможат сфаќање, доживување и толкување на сите видови текстови и содржини (од литературата и медиумската култура), истовремено поттикнувајќи и кај учениците јазично и литературно творештво, а и развивање на способноста за учење и за самообразование.

Според наставниот план за македонски јазик во I одделение се планирани по 6 часа неделно, односно 216 наставни часа годишно.

РЕПУБЛИКА ... МИНИСТЕРСТВО ЗА ... СКОП...

## 2. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ЗА РАЗВОЈНИОТ ПЕРИОД ОД I ДО III ОДДЕЛЕНИЕ:

**Ученикот/ученичката:**

- да развива чувство на припадност кон Република Македонија преку изучување на македонскиот литературен јазик;
- да се воведува кон правилно користење на македонскиот литературен јазик во меѓусебното разбирање, размислување, учење и творење;
- да се воведува кон самостојно, јасно/разбирливо читање и пишување со разбирање на текстот што го чита и пишува;
- да се воведува во медиумската култура како основа за меѓучовечко комуницирање;
- да води разговор со други лица и да ги усвојува основните начела за меѓусебно разговарање и разбирање;
- да ги развива преку говорењето и пишувањето способностите за логичко мислење;
- да ги усвојува и увежбува основните правописни правила;
- да стекнува самодоверба за изразување на своите мисли и своето доживување;
- да развива интерес за читање книги;
- да разговара за дијалектите во македонскиот јазик и да развива почит кон другите јазици;
- да се воведува во користење на ИКТ во функција на предметот.

## 3. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО I ОДДЕЛЕНИЕ:

**Ученикот/ученичката:**

- да го користи говорот во воспоставувањето нови контакти и во меѓусебното разбирање;
- да се поттикнува активно слушање;
- да ја развива слушната дискриминација (слушно внимание, фонематски слух, фонематска перцепција, забележување на темпото и ритмот на говорот, јачината и височината на гласот, бојата и емотивниот тон на говорот);
- да се поттикнува кон синхронизирано користење на вербалниот и невербалниот израз;
- да се поттикнува кон правилно артикулирање на вербалниот говор;
- да се оспособува за користење на јазикот во искажувањето на емоцииите, доживувањата и мислите;
- да се воведува во светот на литературната и народната книжевност;
- да се поттикнува кон говорно творештво;
- да се воведува кон користење на јазикот и медиумите во функција на одржување и користење на националната културна и јазична традиција;
- да се поттикнува кон откривање на значењето на новите зборови, како и кон нивно користење;
- да ја развива фантазијата преку говорното творештво;
- да ги осознае потребите и вредностите на пишаниот говор во функција на поттикнување потреба од писмено изразување;
- да се поттикнува да ја развива графомоториката;
- да ја развива координацијата око-рака;
- да се запознае со основната ќелија „шестоточка" на Брајовото писмо;
- да се запознае со различните видови на рељефни симболи;
- да воочува разлики во говорното изразување на други јазици.

## 4. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| **Програмско подрачје: СЛУШАЊЕ И ГОВОРЕЊЕ** | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ ученичката:**<br><br>- да се поттикне кон користење на говорот како средство за нови контакти и меѓусебно разбирање; | Говорот во меѓусебното запознавање и разбирање | Запознавање | -Активости за меѓусебно запознавање – наставниците и учениците се претставуваат себеси, кажувајќи го своето име и презиме, адреса, место на живеење и други карактеристики.<br>-Разговор за односот на учениците во окружувањето на тема „Јас и моето семејство"; „Јас и моите другари", „Мојот прв училиштен ден".<br>- Слушање одбрани содржини за децата, семејството училиштето и сл. |
| - да се поттикне кон користење на говорот како средство за изразување на своите мисли, чувства и доживувања; | Моите мисли, чувства и доживувања | | - Активности за себеизразување: учениците зборуваат за своите желби и чувства и се запознаваат со желбите и чувствата на другите.<br>- Разговор на тема: „ Што ме прави среќен", „ Што ме лути", „Што ме растажува".<br>- Самостојно раскажување на сопствено доживување кое се споделува со доживувањата на другите во слична или иста ситуација. На пример:„Како го прославив мојот роденден".<br>- Разговор за предмети, појави, омилени играчки, набљудувани слики, серија слики и др.<br>- Разговор за омилен лик: зборува за својот омилен лик од приказна, цртан филм и сл. и се идентификува со него. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да се оспособи за воспоставување културен однос со окружувањето во насока на:<br><br>1. лично обраќање кон други луѓе;<br><br>2. приспособување на говорот во дадена ситуација;<br><br>3. културно однесување со други луѓе; | 1. Начини на лично обраќање кон други лица, во различни ситуации: во продавница, во лифт, во автобус, во библиотека<br><br>2. Приспособено (тивко и гласно) говорење<br><br>3. Културно однесување со други лица:<br>-познати и<br>-непознати | 1. Лично обраќање:<br>- господине / госпоѓо;<br>- Ве молам;<br>- повелете.<br><br>2. Викање, шепотење, говорење.<br><br>3. Културни изрази за:<br>- поздравување,<br>- замолување,<br>- пофалување,<br>-заблагода рување,<br>- извинување | -Посета на различни институции и места (библиотека, продавница, автобуска станица, галерија, пошта), во кои ученикот влегува во разновидни комуникациски ситуации – *разговор по направена посета.*<br>- организирање или симулирање ситуации во кои ученикот користи културни изрази (Игри: „На гости", „Во продавница", „На кино", „Во библиотека" „На роденден", и сл.).<br>- Разговор за постапките во одредена ситуација на тема: „Што би рекол/рекла ако сум лут/лута, тажен/тажна..."<br>Активности низ кои се вежба пристојно и љубезно обраќање, говорење со умерен глас, неагресивно изразување лутина. |
| - да се ослободи од чувството на страв, напнатост и несигурност во разговорот; | - Разговор | | -Активности во кои ученикот се става во туѓа улога, според сопствен или насочен избор.<br>- Куклени драматизации во кои учествуваат децата според избрани ликови.<br>-Вербално решавање на проблем (ситуации) преку разговор на тема: „Да сум на негово/нејзино место…".<br>- Учество во драмска игра со преземање улоги од познати и омилени ликови, кои поседуваат позитивни комуникациски особини.<br>- Изработка на маски и костими според идеите на учениците, кои ги користат како средство за изразување и комуникациско ослободување. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| -да се оспособи за правилно и разбирливо говорење, со умерено темпо и јачина на гласот; | - Начини на говорење | - Брзо – бавно,<br>- гласно-тивко,<br>- викање,<br>- шепотење. | - Кажување брзозборки.<br>- Кажување бројалки.<br>- Слушање снимен гласен и тивок говор со коментар за разликите во нивниот интензитет.<br>- Слушање бавно и брзо говорење со коментар за разликите во нивното темпо.<br>- Слушање уметничко читање на текст од страна на наставникот.<br>- Слушање снимен уметнички говор (говор на спикер). |
| - да се воведе во културно и рационално користење на телефонот за разговор; | Телефонски разговор | - Телефон,<br>- Телефонски разговор. | - Опишување на лични искуства поврзани со телефонските разговори<br>- Игра „телефон“ (поздравување, претставување и кратки телефонски разговори). |
| - да се воведе во слушање со разбирање на говорот на другите; | - Слушање со разбирање на слушнатото | - Соговорник. | - Активно слушање на цел текст, на делови од текст.<br>- Препознавање на познати приказни според апликации или делови од приказните.<br>- Игра „Расипан телефон".<br>- Слушаењ и анализирање на приказна ( цела приказна, највпечатлив дел, опис на лик, опис на ситуација и сл.).<br>- Препознавање на приказна по слушањето нејзини делови.<br>- Препознавање апликации од познат текст и вербално толкување на препознатливите елементи. |
| - да се воведува во невербални начини на изразување (гестикулација, | - Разговор без зборување (невербален разговор) | - Разговор без зборување | - Игра:„Познај го ликот"-Изразување емоции со помош на гестови, изрази на лицето, очите, гримасите, положбата на телото и погодување на емоциите кај другите деца според нивните невербални изрази. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| мимика, движење);<br>- да се поттикне кон поврзување на невербалното со вербалното изразување; | | | - Разгледување слики (рељефни цртежи, модели, скулптури) што прикажуваат активност, која учениците, според покажаните движења ја толкуваат и вербално ја опишуваат.<br>- Разговор за гестови и мимики кои прикажуваат определена емотивна состојба (лути, тажни, среќни, нервозни, нетрпеливи и сл.).<br>- Игра „Пантомима„ (погодување предмет).<br>- Игра „Пантомима„ – (погодување на пораката која сака да ја каже лицето што ја изведува пантомимата). |
| - да се мотивира за поставување прашања поврзани со определена тема, приказна, слика и сл.;<br><br>- да се охрабрува да дава соодветен одговор на поставено прашање; | - Прашања и одговори | - Прашања;<br>-одговори. | - Вежби за поставување прашања и давање одговори со целосни реченици, прашањата да произлегуваат од природата на разговорот од истражувачката активност, во врска со слушнатата приказна, песна, случка и сл.<br>- Разговор за приказна, бајка, басна, со помош на прашања и одговори – прашува ученик и одговара ученик, прашува ученикот - одговара наставникот.<br>- Раскажување на настан по сеќавање со помош на прашања и одговори. |
| - да се поттикне кон разликување и користење на различни видови реченици; | - Реченици за прашување<br>- Реченици за раскажување<br>- Реченици за одрекување<br>- Реченици за потврдување | *(Напомена: На оваа возраст акцентот се става врз практичната примена на наведените реченици и не се инсистира на нивното име и дефиниција)* | - Вежби за практикување на реченици со кои се раскажува, прашува, одрекува или негира.<br>- Измислување реченици според дадени зборови.<br>- Составување реченици со нижење зборови (на даден збор учениците формираат реченица, додавајќи нови зборови кои се надоврзуваат на сите што се претходно кажани).<br>- Самостојно раскажување и прераскажување.<br>- Слушање различни говорни ситуации и толкување на суштината на говорот според типот на речениците кои ги користи говорителот (дали тој прашува, соопштува, |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | или нешто одрекува). |
| - да го збогати речникот со зборови кои означуваат имиња на предмети, појави, дејства, состојби, лица;<br><br>- да се поттикне кон разбирање и користење на нови зборови; | - Општи имиња на: предмети, појави, состојби, дејства, празници, лица - лични имиња | *(Напомена: видовите зборови не се изучуваат според нивното значење, туку се развива осет за нивно користење во различни говорни ситуации)* | -Толкување на непознати зборови во текст кој се обработува или зборови за кои се интересираат учениците.<br>- Сечење слики (перципирање и моделирање) со одредени предмети и вербално толкување на нивните карактеристики.<br>- Обработка на приказни, драматизации, бајки, басни, раскази и сл.<br>-Игра: „Лото“ – извлекување слика на предмет со кажување на името на предметот.<br>- Разговор на тема „Моето име" (Истражување на потеклото на сопствените имиња).<br>- Самостојно раскажување и прераскажување со примена на новоусвоени зборови.<br>- Говорна игра за откривање на испуштени зборови во реченици. |
| - да се воведува во групирање на зборови според конкретно својство; | - Зборови кои означуваат поопшти поими (животни, овошје, зеленчук, сообраќај, семејство, училиштен прибор) | *- Зборови од определена област.* | - Говорна игра преку која учениците ги групираат зборовите околу едно заедничко својство, намена и сл. (авион, лимузина, автобус ...= сообраќајни средства; маче, куче, крава... = домашни животни; мајка, татко, брат... = семејство и сл.).<br>:- Говорни игри:<br>- „Кој каде живее" (мечка-пештера, птица-гнездо, човек-куќа = живеалишта), „Продавница". |
| - да се поттикне кон препознавање и имитирање на гласови и звуци | - Разликување гласови и звуци според определени карактеристики | - Глас,<br>- звук,<br>- говор. | - Слушање и препознавање на снимени звуци од природата -ономатопеја.<br>- Слушање и препознавање туѓ говор и опишување на |

| | | | |
|---|---|---|---|
| според различни карактеристики (*поспан, бавен, налутен, глас; машки, детски, женски глас; звуци предизвикани од природата и сл.*); | | | карактеристиките според кои е извршено препознавањето.<br>- Слушање туѓ говор со препознавање на емоционалната состојба на говорителот според карактеристиките на неговиот говор (поспано, бавно, луто, мрзливо...).<br>-Слушање туѓ говор со различна висина, јачина, боја на гласот , интонација- детски, машки, женски гласови, говор за соопштување, говор со шеговит тон и сл. (телевизиски и радиоемисии, драмски театарски претставии сл.). |
| - да се поттикне кон разликување и правилно изговарање гласови во различна местоположба во зборот: на почеток, на средина и на крајот на зборот; | Дискриминација и артикулација на гласови | р, с, з, ц, ш, ч, м, н, њ, г, к, ѓ, ќ, л, љ, х. | - Активности за вежбање (дискриминација и артикулирање) на гласовите во трите положби : иницијална, медијална и финална.<br>- Говорна игра:„Лото" (изговарање зборови во кои потребниот глас се наоѓа во сите три положби).<br>- Говорна игра:„Расипан телефон" (слушање , препознавање и дискриминација на гласовите во зборови).<br>- Говорна игра: „На буква, на буква".<br>- Обработка на текст или приказна која содржи зборови со потребниот глас.<br>- Игри за имитација на гласови (брмчење, шушкање, имитирање звуци од животни и птици).<br>- Говорна игра за откривање на испуштените гласови во сите три положби во зборот (иницијална, медијална и финална). |
| - да ги развива континуирано говорните органи во | *Развојот на говорните органи се реализира низ сите часови за дискриминација и* | | - Вежби за правилно дишење при говорење: дување во ресички, во балони, дување со цевки во вода, преку метод на игра.<br>- Вежби за правилно држење на телото при говорење |

| | | | |
|---|---|---|---|
| функција на правилно дискриминирање и артикулирање на говорот. | *артикулација на гласовите, користејќи ги наведените активности.* | | *(корелација со физичко и здравствено образование и музичко образование).*<br>- Брзозборка.<br>- Бројалка. |

**Програмско подрачје: ЛИТЕРАТУРА**

| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
|---|---|---|---|
| **Ученикот/ученичката:**<br>- да се запознава со литературата за деца; | - Приказна<br>- Басна<br>- Бајка<br>- Стихотворба<br>- Драмси текст | - Приказна,<br>- басна,<br>- бајка,<br>- стихотворба,<br>- драмски текст. | - Обработка на:<br>- приказна,<br>- бајка,<br>- басна,<br>- драмски текст.<br>- Самостојно прераскажување на текстовите од литературата за деца.<br>- Самостојна драматизација на текст<br>*(Напомена: Во текот на годината се разработуваат повеќе приказни, бајки, басни и драмски текстови).* |
| - да се запознае со творби од македонското народно творештво и народното творештво од другите култури (особено на оние од непосредното окружување); | - Македонски народни приказни<br>- Народни приказни од други култури | - Народна приказна | - Слушање и разговор за слушнатите македонски народни приказни, како и за народните приказни од други култури.<br>- Забележување непознати зборови за учениците (архаизми, дијалекти, зборови од други јазици) и нивно објаснување од страна на наставникот. |
| | | | - Наставникот чита текст или раскажува приказна и води |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да се оспособува за слушање, разбирање и доживување на содржината и поракатa на литературните творби;<br><br>- да се оспособува за откривање и доживување на елементите од литературните творби (простор, време, настани и ликови); | Содржина на литературната творба:<br>- место на случувањата,<br>- време на случувањата,<br>- тек и редослед на настаните,<br>- ликови. | Содржина.<br>Простор на случување.<br>Време на случување.<br>Тек и редослед на настаните.<br>Лик. | разговор за содржината, каде, кога и што се случило, кои се главните ликови.<br>Води дискусија што им се допаѓа на децата во приказната, а што не и зошто.<br>- Учениците самостојно прераскажуваат приказни што ги слушнале од возрасните.<br>- Прераскажуваат видена претстава, зборуваат за главните личности во претставата и го објаснуваат текот на случувањето. |
| - да се запознае со поезијата за деца и да се поттикне да ја доживее;<br><br>-да се поттикне да го вежба помнењето преку интерпретација на стихотворба, гатанка и др.; | - Стихотворба<br>- Гатанка<br>- Брзозборка | - Стихотворба,<br>- гатанка,<br>- брзозборка. | - Учење и интерпретација на:<br>- стихотворба,<br>- гатанка,<br>- брзозборка.<br><br>*<u>Напомена:</u> Во текот на годината учениците не треба да научат повеќе од 6 стихотворби и 6 брзозборки* |
| - да се запознае со процесот на создавање литературна творба; | Создавање литературна творба | - Писател,<br>- печатница,<br>- книжарница. | Истражувачка активност која опфаќа: разговори со писатели и други лица вклучени во процесот на создавањето на делото, посета на печатница, посета на книжарница. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | - Учениците прават „книга” со илустрации на свој текст (а наставникот го запишува текстот), книгата ја подврзуваат на начин на којшто го избрале учениците. |
| - да го открие значењето на сликовниците, книгите, енциклопедиите како извори на знаења;<br><br>- да развива интерес за книгата како извор на учење. | -Сликовница<br>-Книга<br>-Енциклопедија | - Сликовница,<br>- книга. | - Читање текстови од енциклопедија од страна на наставникот.<br>- Разговор за значењето на другарувањето со книгата.<br>- Самостојно разгледување на книги и сликовници.<br>- Самостојно разгледување на енциклопедии за деца.<br>- Посета на саемот на книгата.<br>- Читање сликовница.<br>- Грижа за литературното катче. |

| Програмско подрачје: ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>- да се оспособува за опишување, раскажување и прераскажување; | - Прераскажување<br>- Раскажување<br>- Опишување | | Активности во кои учениците<br>-опишуваат предмети, појави од непосредната околина,<br>ги опишуваат: својот другар, учителката, членовите на семејството и сл.;<br>- раскажуваат искуства, доживувања, кажуваат шеги;<br>- прераскажуваат приказни, гледани претстави, басни, и притоа додаваат свои зборови;<br>- дополнуваат и довршуваат текст, менуваат делови од приказна според својата замисла;<br>- раскажуваат случки од секојдневието. |
| - да се оспособува за раскажување настани по сеќавање; | - Раскажување по сеќавање | | - Активности: Раскажување по сеќавање: посета, прослава, роденден.... |
| - да се оспособува за опишување на предметите и појавите и во моментот кога тие не се присутни; | Опишување по сеќавање | | - Опишување на предмети, животни, растенија, настани, појави, доживувања во моментот кога не се присутни и достапни за гледање.<br>- Говорно творештво на дадена тема: пролет, лето, есен, зима.<br>- Опишување по сеќавање- по направена посета (се опишува местото, доживувањето на случка). |
| - да се запознае со традиционалните говорни игри; | - Традиционални говорни игри | - Бројалки,<br>- загатки,<br>- игри со зборови. | - Активности во кои учениците даваат одговори на гатанка, кажуваат гатанка, бројалка и сл.<br>- Говорна игра „На глас, на глас".<br>- Дидактичка игра „Лото".<br>- Говорна игра „Расипан телефон". |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | - Говорна игра „Дополнувај зборови". |
| - да се поттикнува кон творење на оригинални творби (своја гатанка, шега, необичен израз, куса стихотворба); | - Детски творби | - Создавање. | - Изработување сликовница или книга (составување текст дадена тема, илустрирање на текстот и спојување на илустрациите во книга или сликовница, правење изложба на творби).<br>- Учениците измислуваат шеги, необични имиња на предмети според некои нивни карактеристики, како, на пример: Часовник што доцни – Доцналко; Брз човек – Брзалко и сл.<br>- Учениците составуваат ново име од две додадени.<br>- Правење и поправање бесмислен текст.<br>- Измислување на говорни игри кои се слични на традиционалните. |
| - да ја развива фантазијата преку нови и оригинални решенија. | | | - Учениците измислуваат свои приказни на тема:„Кога патував на Марс. “, по слушање музика измислува своја приказна.<br>- Измислуваат нов крај на приказна. |

| Програмско подрачје: МЕДИУМСКА КУЛТУРА | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>- да се запознава со различни видови телевизиски и радио - емисии; | - Телевизиска емисија<br>- Радиоемисија | - ТВ-емисија за деца;<br>- ТВ-анимиран филм;<br>- ТВ-вести;<br>- ТВ-реклами;<br>- радиовести;<br>- радиоемисија за деца;<br>- музичка програма. | - Активности во кои учениците прават разлика меѓу радиоемисиите (само звук) и ТВ-емисиите (слика и звук) – разговараат за ефектите кои ги оставиле тие врз нив. |
| - да се запознава со видови на анимиран филм (куклен и цртан); | Анимиран филм (куклен и цртан) | Анимиран филм (куклен и цртан) | - Учениците гледаат анимирани (куклени и цртани) филмови (на пример: „Мечето Ушко’’, „Ноди’’, „Попај’’и др.).<br>- Разговор за главните јунаци во филмовите и опис на дејствието во нив. |
| -да се запознава со филм за деца и серија за деца; | - Филм за деца<br>- Серија за деца | - Филм за деца;<br>- Серија за деца. | - Следење детски филм, детска серија и разговарање за нив (Наше маало и др.) . |
| - да стекне елементарни знаења за театарот и драмската уметност; | - Куклена претстава<br>- Театарска претстава | - Куклена претстава,<br>- Театарска претстава.. | - Учениците следат куклена и други детски театарски претстави и разговараат за нив.<br>- Учениците сами прават куклена претстава и играат улоги.<br>- Посета на театар и разговор за неговото значење.<br>- Самостојно и креативно анимирање на сценски кукли.<br>- Игра улоги користејќи маски, детали. |
| - да се запознава со улогата на библиотеката и да развива интерес за | Библиотека | Библиотека. | - Посета на училишната или најблиската библиотека и воведување на учениците во процесот на позајмување книга.<br>- Разговор по посета на библиотека и опис |

| | | | |
|---|---|---|---|
| нејзино користење; | | | на начинот на нејзиното користење.<br>- Уредување и збогатување на одделенската библиотека. |
| - да се запознава со детски списанија; | - Списание за деца | - Списание за деца. | - Самостојни активности: разгледување, сечење, лепење – творење (*во корелација со ликовно образование и ориентација и мобилност*).<br>- Работа со илустрирани списанија за деца и разговор за нивната содржина.<br>- Обработка на текст (расказ, приказна, песна) од списание за деца.<br>- Самостојно разгледување и разговор за илустрирани списанија за деца. |

| Програмско подрачје ПОДГОТОВКА ЗА ПОЧЕТНО ЧИТАЊЕ И ПИШУВАЊЕ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>- да се воведува во разликите меѓу илустрациите и текстот; | - Илустрација и текст | - Слика и текст. | - Активности во кои учениците:<br>-разгледуваат и „читаат“ сликовници, релјефни слики*.<br>-разликуваат слики од текст во сликовница;<br>- разговараат за тоа што го разбрале од сликовницата;<br>- раскажуваат според сликите пред другите ученици;<br>- набљудуваат натписи, етикети, честитки и се обидуваат да ја „прочитаат“ пораката;<br>- набљудуваат и „читаат“ симболи, семафор, WC, сообраќаен знак и сл.<br>- Игра: „Писмо“ (Наставникот чита добиено писмо |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | на кое треба да се одговори, потоа со учениците се разговара за значењето на допишувањето со луѓето). Се составува писмо кое го пишува наставникот, а учениците ја илустрираат (моделираат) неговата содржина. |
| - да ги осознава и да ги препознава основните елементи на јазикот: реченица, збор и глас; | - Реченица<br>- Збор<br>- Глас | - Реченица,<br>- збор,<br>- глас.<br>(Напомена: На оваа возраст учениците не треба да ги совладуваат дефинициите за реченицата, зборот и гласот, туку да умеат да ги препознаваат, именуваат и практикуваат.). | - Учениците препознаваат кратки и долги зборови.<br>- Разликуваат глас во почетокот на зборот.<br>- Препознаваат колку гласови има во краток збор (на пример: тропка толку пати со рацете колку што има гласови во еден краток збор (сол, цело, да...).<br>- Црта/моделира предмети што започнуваат со определен глас.<br>- Составува зборови од зададени гласови (на пример, со М и А состави збор).<br>- Дополнуваат реченица со збор.<br>- Дополнува глас кој е испуштен во изговорениот збор. |
| - да се запознава со стандардите на македонскиот писмен јазик преку воочување на неговите карактеристики; | Карактеристики во пишувањето | - Пишување во насока од лево кон десно и од горе кон долу;<br>- постоење на големи и мали букви;<br>- воочување дека низ текстот постојат целини. | - Вежби за воочување на специфичностите на пишувањето преку самостојно и насочено разгледување сликовници и други литературни творби, проследено со разговор за правилата на пишувањето.<br>- Вежби за воочување на специфичностите на Брајовото писмо,<br>- Запознавање со основната ќелија на Брајовото писмо;<br>- Вежби за ориентирање на основната ќелија на Брајовото писмо;<br>- Вежби за ориентација на Брајова машина;<br>- Компарација на разликите во писмениот јазик преку игра: |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | - Читање сликовница (или текст) од страна на наставникот, кој со покажувач поминува низ текстот што го чита, додека учениците гледаат во сликовницата , слушаат и го следат правецот на движењето на покажувачот. |
| - да се поттикнува кон координираност на сите потребни движења кои се ангажирани во пишувањето (оддржување насока во пишувањето, усогласување на напишаните елементи по големина, еднаков притисок со моливот врз хартијата и сл.);<br><br>- да се поттикува кон воспоставување на координацијата  око-рака; | - Координираност на движењата при пишувањето<br><br>- Координација:око - рака | | - Моделирање на топчиња од пластелин и пополнување на основната клетка на Брајовото писмо;<br>- Цртање елементи на различни предмети (куќа, ограда и сл.) со кои се вежба координираноста на раката (*во корелација со ликовно образование*).<br>-Игра со цртање предмети кои започнуваат со определен глас.<br>-Цртање линии, прави, испрекинати – како делови од улица, куќа, сонце и сл.<br>- Пишување елементи од буквите во фиксиран простор и во потребните правци (горе-долу; лево-десно).<br>- Поставување на пластични клинци во фиксиран простор според точките на буквите од Брајовото писмо.<br>- Препознава и реди букви со различен распоред на точки од Брајовото писмо. |
| - да се оспособи за визуелно препознавање, односно „читање" цели зборови што ги гледа најчесто; | Препознавање на цели зборови | | - Го препознава напишаното име  на својата чанта (Брајова хартија).<br>- Препознава напишани  имиња на други ученици.<br>- „Чита" рекламни натписи, своето име и зборови кои најчесто ги среќава во секојдневниот живот (мама, тато, цртан филм, етикети од производи и сл.). |
| - да се оспособи за визуелно  препознавање на големите печатни букви од | - Препознавање  на големите печатни букви | | - Учениците истражуваат:<br>1. Кои предмети и елементи од природата асоцираат на букви (млада месечина на „С", гол на игралиште |

| | | | |
|---|---|---|---|
| македонското кирилично писмо. | | | на „П“, столбови за струја на „Т“ или „Л“, покрив на куќа на „Л“ или „П“...) или примери од емисијата „Бушава азбука”.<br>2. Кои предмети во училницата или кои делови од играчките асоцираат на букви.<br>- Активности во кои учениците го препознаваат и го покажуваат симболот на определен глас (буквата) во имињата на предметите кои се запишани под соодветната слика.<br>- Игри со коцки на кои има напишано букви.<br>- Активности во кои учениците сечат букви од списанија и според дадени слики ја препознаваат првата и последната буква. |
| - да се запознае со различни материјали и средства за пишување (хартија, молив и сл.). | Материјали и средства за пишување *(Напомена: Материјалите и средствата за пишување се препорачува да се работат интегративно со соодветната содржина од предметот ЗО)* | - Хартија,<br>- табла,<br>- молив,<br>- боица,<br>- пенкало,<br>- креда. | Истражување: Трагање по предмети со кои може да се пишува (креда, цигла, ќумур...).<br>Истражување: Трагање по подлоги на кои може да се пишува (табла, камен, хартија, бетон...).<br>Разговор за средства и подлоги за пишување за различна намена во сегашно време (во училницата: табла, креда; писмо-хартија, пенкало и др.). |

## 5. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Кај учениците со оштетен вид не постои или е намалена функцијата на видниот анализатор. Таквата состојба го ограничува запознавањето на светот што ги окружува, а, тоа влијае и на развојот на говорот (тој е сиромашен и има формален карактер). Во работата со учениците со оштетен вид при развивањето на говорот треба да се работи на богатење на речникот врз основа на живи, конкретни представи. Учениците треба да ги опишуваат надворешните карактеристики на предметите и нивната намена. Посебно внимание треба се обрнува на конкретната содржина на зборовите и на изразноста на говорот. Секој нов поим неопходно е да се поврзува со конкретна представа, конкретен предмет, неговиот квалитет, својство или дејство.

Наставата по предметот македонски јазик има за цел да ги оспособи учениците да го развиваат слухот т.е. да се оспособат за слушна дискриминација, снаоѓање во звуците и шумовите кои ги окружуваат, како и нивно имитирање. Имитирањето придонесува за развојот на фонематскиот слух кој помага во развивање на звучноста на зборовите и нивната артикулација.

При подготовката за писменување на Брајовото писмо од големо значење е развојот на тактилното сетило на раката. Посебно внимание се обрнува на вежбите кои придонесуваат за координација на движењата на дланката и прстите. Со првите вежби наставникот треба да примени моделирање со различни материјали и игри со мозаик, ланчиња и други зрнести предмети.

Учениците се запознаваат со Брајовата шестоточка и прибор. Наставникот треба да ги оспособи да ги препознаваат различните односи меѓу точките, како на зголемена табла, исто така и на хартија.

Наставата по предметот македонски јазик има улога во развивањето на мислењето како компензација на недостатокот или намалените визуелни способности со што ќе се утврдуваат и прошируваат представите за предметите и појавите од непосредната околина што ги окружува. Главна улога во овој процес кај слепите ученици има развивањето на тактилната перцепција (раката која допира-палпација и активно истражува) и на визуелната перцепција кај слабовидните ученици (правилно набљудување на дидактичките материјали).

- ***Насоки за меѓупредметно поврзување:***

При реализацијата на предметот *македонски јазик* треба се постигне корелација и интегрирање со сите предмети кои се изучуваат во првото одделение од деветтолетката, со најголем акцент врз предметите запознавање на околината и ликовно образование.

Најголемо поврзување со запознавање на околината се сретнува при богатењето на детскиот речник со нови зборови кои имаат конкретна основа со достапноста на избраните предмети, при откривањето нови претстави, поими и знаења, при реализацијата на истражувачките активности, како и целите и активностите кои се однесуваат на програмската целина „Комуникација“. Поврзувањето со овој предмет особено доаѓа до израз во делот за себеизразувањето во наведената програмска целина.

Најголемо поврзување со предметот ликовно образование се постигнува при реализацијата на целите кои бараат илустрација (моделирање) на содржините и доживувањата, од кои најголем дел ѝ припаѓаат на целината „Литература“. Поврзување со овој предмет наоѓаме и во поглед на целите кои се однесуваат на координирањето на движењата на раката, телото, како и на раката и окото заедно, за што е предвидено цртање (моделирање) на елементи од предмети во природата.

Во однос на координирањето на движењата, поврзување се сретнува и со предметотите физичко и здравствено образование и ориентација и мобилност.

Поврзувањето со предметот математика е потребно, во најголема мера, при обработката на содржините кои се однесуваат на групирањето на зборовите според определна група.

Со музичкото образование се сретнува потреба од поврзување во делот на говорот и говорното творештво, особено за доживувањето на музиката кое се претставува вербално, како и за потребите на творење текст, инспириран од музички ефекти и од слушање музика.

Пожелно е да се постигне **интегративно планирање** во кое ќе се реализираат цели, содржини и активности од сите предмети.

- ***<u>Препораки за користење на годишниот фонд на часови</u>***:

За секое предвидено подрачје е предложен определен годишен фонд на часови, односно:

- **Комуникација - 80 часа**
- **Литература - 60 часа**
- **Изразување и творење - 26 часа**
- **Медиумска култура - 20 часа**
- **Подготовка за почетно читање и пишување - 30 часа**

Од предвидениот вкупен фонд на часови по програмски подрачја дозволени се отстапувања во согласност со специфичностите на средината во која се наоѓа училиштето. Исто така, во рамките на вкупниот годишен фонд на часови во програмските подрачја, се предвидени отстапувања и во однос на зачестеноста на конкретните цели. Имено, бројот на часовите за нив треба да се приспособи кон потребите во конкретното училиште (животната средина од која доаѓаат децата, нејзиниот културно-социјален и образовен статус, претходна подготовка на учениците, претходна посета на предучилишна институција). Во тој контекст некои содржини ќе се повторат повеќепати за сметка на други кои ќе се работат со помал фонд на часови.

- ***<u>Методи, форми и средства на наставната работа</u>***

За сите програмски подрачја, предвидени за предметот македонски јазик, се препорачува користење и нужно комбинирање на сите **интерактивни, актуелни и современи** методи, форми и средства на наставна работа, со акцент врз: **методот на игра,**

**методот на решавање проблеми и откривачкиот (истражувачкиот) метод** како најсоодветни на спецификите на учењето кај учениците на актуелната возраст.

- ***Индивидуален пристап во наставната работа***

Во согласност со научните сознанија за разликите во развојот на децата, потребно е приспособување на наставната работа кон развојните и индивидуалните потреби и достигнувања на учениците. Имено, потребна е примена на техники и стратегии кои го преферираат **индивидуалниот приод** во реализацијата на наствната работа со учениците.

- ***Вклучување на родителите во наставната работа***

Семејството е првото училиште на децата и најважен фактор во детскиот развој. Во тој контекст, во реализацијата на целите, содржинте и активносите од наставниот предмет македонски јазик треба да се обезбеди **кооперативна комуникација со родителите на учениците и нивно вклучување во работата на училиштето,** во функција на: развој и поддршка на односот родител-ученик; едукација и развој на говорната култура во семејството; реализирање на подготовката на учениците за описменување на Брајово писмо; реализирање на некои цели и содржини од програмата и од литературните настани во рамките на училиштето; информираност на родителите; размена на искуства во поглед на специфичностите на ученикот и постапките кон него и сл.

- ***Наставни средства:***
  - За реализација на наставната работа по предметот македонски јазик во I одделение **не се препорачува користење на буквар**, но **се препорачува користење на прирачник за почетно читање и пишување**, одобрен од страна на министерот; методски прирачници за реализација на наставата и воспитно-образовната дејност по македонски јазик, како и прирачници и збирки на дидактички и говорни игри.
  - **Извори на учење во непосредната околина**: рекламни натписи, ресурсите од окружувањето кои ќе се набљудуваат, опишуваат и имитираат, објекти од културен, едукативен, јавен и услужен вид (продавница, кино, театар, библиотека, автобуска станица и сл.), комуникациски односи ситуации меѓу луѓето во училиштето, во семејството и во окружувањето.
  - **Енциклопедии за деца во издание на популарни и верифицирани издавачки куќи**
  - **Компјутерски образовни софтвери** за богатење на говорната и јазичната култура- **ToolKid-програмата и други верифицирани мултимедиски CD-ROM- ови** со соодветни едукативни игри - потврдени од Министерството за образование и наука.
  - **Традиционално потврдени, одобрени и верифицирани списанија за деца, соодветни на возраста.**
  - **Литература за деца од познати македонски и странски детски писатели (која содржински, естетски и вредносно одговара на возраста на учениците).**

- **Аудиовизуелни, аудитивни, визуелни средства и средства со кинетички својства:** ТВ-програми, детски емисии, анимирани и играни филмови за деца; видеокасети, ДВД и ЦД-дискови со анимирани и играни филмови и со народни и уметнички текстови, со снимени настани, родендени, театарски и куклени претстави и сл.; аудиокасети со снимени звуци; различни гласови, снимени вести, уметнички прочитани текстови; апликации, слики, макети; куклени и театарски сцени; подвижни предмети со звучни ефекти и други предмети во зависност од потребите на предметот.
- **Специфични тифлолошки средства:** Брајова шестоточка, Брајова табла и Брајова машина за пишување.
- **Од телевизиската едукативна програма се сугерираат следниве емисии и серии:**
  - *Фифи* - краткометражна цртана серија;
  - *Ноди* - краткометражна цртана серија;
  - *Пчеличката Маја* - анимирана серија;
  - *Балтазар* - краткометражен анимиран филм;
  - *Барајќи го Немо* - долгометражен анимиран филм;
  - *Кралот Лав* - долгометражен анимиран филм;
  - *Вини Пу* - долгометражен анимиран филм;
  - *Снежана и седумте џуџиња* - долгометражен анимиран филм;
  - *Пепелашка* - долгометражен анимиран филм;
  - *Мечето Ушко*.
- **Од Македонската продукција:**
  - *Разиграни бројки* - анимирана серија;
  - *Патување со Раббробил* - играно-куклена серија;
  - *Бушава азбука* - играна серија;
  - *Боенка* - играно-анимирана серија;
  - *Биди и Бади* - играна серија;
  - *Во светот на бајките* - играна серија;
  - *Зоки Поки* - играна серија;
  - *Шарам барам* - играна серија;
  - *Македонски народни приказни*;
  - *Наше маало*.

## 6. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

### *ДИЈАГНОСТИЧКО ПРОВЕРУВАЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ*

Во почетокот на учебната година наставникот врши дијагностичко проверување и оценување, со цел да ја спознае состојбата таква каква што е, во функција на квалитетното планирање и реалзирање на идните активности. Се спознаваат предзнаењата во најширока смисла на зборот, социјализациските аспекти на развојот, емоционалнот и физичкиот развој.

### *ФОРМАТИВНО ОЦЕНУВАЊЕ*

Во текот на наставата по македонски јазик во првото одделение се препорачува формативно следење кое вклучува изработка и водење на портфолио на учениците што опфаќа:

- собирање на показатели (детски изработки, творби, искази и сл.) за секој ученик посебно;
- тековни (формативни), однапред подготвени, евалуациски листи за секој ученик, кои се пополнуваат по секоја негова конкретна активност, која е специфична (позитивна или негативна) или студии на случај во кои наставникот ја бележи фактичката состојба;
- инструменти кои се однесуваат на секое програмско подрачје поединечно. Во нив, наставникот внесува **податоци за постигнувањата на ученикот во однос на сите развојни аспекти** кои се поттикнуваат со програмата по македонски јазик (когнитивно-интелектуален, социоемоционален, социјален и психомоторички аспект). ***Евалуациските листи примарно се однесуваат на целите кои целосно се постигнуваат на нивото на прво одделение***.

### *МИКРОСУМАТИВНО ОЦЕНУВАЊЕ*

*На крајот од второто тримесечје, врз основа на сознанијата од формативното оценување, се реализира микросумативното оценување.*

### *СУМАТИВНО ОЦЕНУВАЊЕ*

Врз основа на целокупните податоци добиени од следењето и формативното оценување, наставникот ја констатира (опишува) развојната состојба на секој ученик поединечно, во рамките на секое програмско подрачје.

***ДОСТАПНОСТ И ПРООДНОСТ НА ПОРТФОЛИОТО***

- Портфолиото во текот на целата година треба да им е достапно на родителите за да може и тие да придонесат во квалитетната реализација на наставата по македонски јазик.
- Завршната, аналитичко-описна оценка се доставува, исто така, до родителите и станува дел од портфолиото на ученикот.
- Портфолиото на ученикот со прочистени и селектирани податоци продолжува во наредното, повисоко одделение.

***НАЧИНИ НА ПРОВЕРУВАЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ***

**Во** согласност со природата на програмата по предметот македонски јазик во првото одделение, во која нема описменување, проверување и описно оценување треба да се реализираат ***усно, практично, преку презентација и говорни вежби, сликовно - писмени вежби со подвлекување, заокружување и сл.***

## 7. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата во однос на просторните услови за реализацијата се темели на Нормативот за простор за I, II и III одделение и на наставните средства за I одделение донесен од министерот за образование и наука.

## 8. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Наставата по македонски јазик за прво одделение може да ја изведува лице кое завршило:

- Филозофски факултет - Институт за дефектологија, дипломиран дефектолог;
- Дефектолошки факултет согласно Законот за основно образование.

## 9. НАСТАВНАТА ПРОГРАМА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК ЗА ПРВО ОДДЕЛЕНИЕ ДОНЕСЕНА НА 21. О6. 2007 ГОДИНА СО РЕШЕНИЕ БР. 10-1009/2, ЗА ПОТРЕБИТЕ НА УЧЕНИЦИТЕ СО ОШТЕТЕН ВИД ЈА АДАПТИРАШЕ КОМИСИЈАТА ВО СОСТАВ:

1. Марија Симонова, советник за посебно образование, Биро за развој на образованието -Скопје
2. м-р Елизабет Солтирова, директор во ОУ „Владо Тасевски“ - Скопје

## 10. РЕШЕНИЕ И ДАТУМ НА ДОНЕСУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по ***македонски јазик*** за прво одделение во деветгодишното основно образование за учениците со оштетен вид ја донесе

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 10-1960/1
02.10 2008 год.
СКОПЈЕ

Скопје ______________________

------------------------------------------

Перо Стојановски,
министер за образование и наука